Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of N. Macedonia

SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

**Shtip, 2019**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика С. Македония

ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2019**

Sixth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2019 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of N. Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. N. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

**Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip**
**Уредник: Марија Ампoвска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (6 ; 2019 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Шеста меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / Sixth international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Шестой международная научная конференция. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2019. - 1062 стр. : илустр. ; 25 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-647-9

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 110919178

- All manuscripts were subject of double – blind peer - review process.
- No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with the views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference.
- The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk
Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com
Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk

Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs

Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com

Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com

Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tatyana Dronzina, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, dronzina@gmail.com

Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

Viktoria Serzhanova, Professor, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl

Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENT

LAW....................................................9

**Agnieszka Wojciechowska**
DEVELOPMENT OF EDUCATIONAL RIGHTS OF MIGRATING CHILDREN IN THE LIGHT OF FINANCIAL SOLIDARITY OF EUROPEAN UNION MEMBER STATES....................................................11

**Aleksandra Gruevska Drakulevski**
TRAFFIC DELIQUENCY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2010-2017: CRIMINOLOGICAL ASPECTS....................................................23

**Aleksandra Pavićević**
RIGHT OF RETENTION OF POSSESSION AS A REAL RIGHT OF ENSURING THE CLAIM IN SERBIAN AND COMPARATIVE LAW....................................................53

**Ana Radina**
THE CHANGES IN THE MATRIMONIAL PROPERTY REGIME IN CROATIA – THE UNFINISHED QUEST FOR IMPROVEMENT....................................................65

**Anđelija Tasić**
COMPARATOR AS THE ELEMENT OF DISCRIMINATION - IS THE THEORETICAL CONCEPT RECOGNIZED IN SERBIAN CASE LAW?....................................................77

**Angel Ristov**
ON THE NEED FOR REFORMS IN THE MACEDONIAN MARITAL PROPERTY REGIME....................................................83

**Angela Zubco**
OPPORTNITIES AND PERSPECTIVES ON THE APPLICATION OF MEDIATION IN THE ACTIVITY OF PUBLIC ADMINISTRATION....................................................99

**Anton Petričević**
MIGRATIONS AND THE RIGHT TO EMPLOYMENT OF FOREIGNERS IN THE REPUBLIC OF CROATIA....................................................107

**Biljana Činčurak Erceg**
INLAND WATERWAYS TRANSPORT IN THE EUROPEAN UNION - FLOWING OR STILL STANDING?....................................................123

**Biljana Todorova**
SOCIAL PROTECTION OF EMPLOYED WOMEN DURING PREGNANCY AND MATERNITY LEAVE....................................................137

**Darko Dimovski, Milica Stanković, Miomira Kostić**
STALKING – THE CHALLENGES OF NEW INCRIMINATION ............................153

**Dimitar Apasiev**
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE STATE ATTORNEY'S OFFICE IN THE MACEDONIAN JUSTICE SYSTEM – II ..........................................................161

**Eduard Burda, Lívia Trellová, Lucia Smolková**
AMNESTY AND PARDON UNDER THE SLOVAK LAW AND THEIR UNIQUE STORY ..............................................................................................175

**Elena Maksimova, Dejan Marolov**
THE STANDARDS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS REGARDING THE PROHIBITION OF TORUTURE, INHUMAN OR DEGRADING TREATMENT OR PUNISHMENT ..................................................................187

**Esin Kranli Bajram**
THE TESTAMENTI FACTIO ACTIVA ET PASSIVA IN ROMAN AND CONTEMPORARY LAW.......................................................................................207

**Givi Abashidze**
PROSECUTOR'S DISCRETIONARY POWERS ON CARRYING OUT CRIMINAL PROSECUTION (Georgian Model of Discretionary Criminal Prosecution)..................225

**Goran Jovanić, Vera Petrović**
LIFELONG SEGREGATION BY PRISON SENTENCE – PROS AND CONS..............233

**Goran Koevski, Borka Tusevska Gavrilovik, Darko Spasevski**
ESTABLISHING OF SPECIALIZED COMMERICAL COURTS AS ALTERNATIVE FOR REDEFINING OF THE COURT SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA...........................................................................................247

**Gordana Damjanović, Danijela Petrović**
COMPENSATION FOR DAMAGES TO COPYRIGHT INFRINGEMENT................263

**Ilia A. Vasilyev**
UEFA FINANCIAL FAIR PLAY AS COMPLIANCE WITH THE OBJECTIVES OF FOOTBALL CLUBS' FINANCIAL STABILITY AND THE INTEGRITY OF THE COMPETITION ...........................................................................................273

**Ivana Šumanovska-Spasovska**
ENFORCEMENT OF ADMINISTRATIVE VERDICTS - NOVELTIES AND CHALLENGES –..........................................................................................283

**Ivanka Vasilevska**
CREATING NATIONAL GERMANY: HISTORY, POLITICS AND LAW................299

**Ivica Josifovic**
THE EUROPEAN ARREST WARRANT AND THE PROTECTION OF FUNDAMENTAL RIGHTS: THE FAMOUS JUDGMENT IN ARANYOSI AND CALDARARU CASE....311

**Jadranka Denkova, Jovan Ananiev, Strasko Stojanovski**
RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION BASIC PRINCIPLE IN THE ADMINISTRATIVE PROCEDURE...........................................................323

**Jasmina Cvetanoska**
AGGRESSIVE TAX PLANNING - A CHALLENGE FOR IMPROVING TAX LEGISLATION.......................................................................................337

**Jasmina Dimitrieva**
PROTECTING THE RIGHT TO HEALTH OF PRISON POPULATION....................351

**Jelena Stojšić Dabetić, Predrag Mirković**
SCOPE AND QUALITY OF LEGAL PROTECTION AFFORDED TO COMPUTER PROGRAMS AS OBJECT OF INTELLECTUAL PROPERTY..............................365

**Katarina Momirović**
AGENT PROVOCATEUR - INTERNATIONAL STANDARDS AND NATIONAL REGULATION.........................................................................................375

**Kristine Neimane**
REPLACEMENT OF THE INELIGIBLE RESPONDENT - THE PROCEDURAL TOOL FOR EFFICIENCY AND JUSTICE OF THE CIVIL LITIGATION (comparative analyze of civil procedure regulation in the Baltic states and Russian federation) ........................383

**Natalia Butusova**
CONSTITUTION AS A VALUE AND CONSTITUTIONAL VALUES (ON THE EXAMPLE OF RUSSIA...................................................................................397

**Natalia Simonova**
LAW REGULATIONS IN THE SPHERE OF USING GENETICALLY MODIFIED ORGANISMS ..................................................................................................417

**Nazmi Malici, Zorica Siljanovska**
CORPORATE GOVERNANCE IN THE BRICS COUNTRIES – A CHALLENGE FOR THE GLOBAL ECONOMY ......................................................................................427

**Olga Koshevalska, Lazar Nanev, Elena Maksimova**
COMPARATIVE REFERENCE TO THE WOMEN'S PENITENTIONAL CONDITIONS - CLOSED IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA.......................441

**Robert Grzeszczak**
MAKING SURE EUROPEAN LAWS ARE FIT FOR PURPOSE – THE BETTER REGULATION PRINCIPLES IN THE EUROPEAN UNION..............................465

**Rodna Živkovska, Tina Pržeska, Milica Šutova**
DERIVATIVE ACQUISITION OF REAL RIGHTS IN MACEDONIAN CONTEMPORARY LAW..............................475

**Saša Atanasov, Mirjana Đukić, Božidar Otašević**
WITNESS PROTECTION PROGRAMS FOR JUSTICE COLLABORATORS – COMPARATIVE OVERVIEW (POSITIVE LEGAL SOLUTIONS IN THE REPUBLIC OF SERBIA, THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, USA, ENGLAND AND ITALY)..............................493

**Saša Knežević, Ivan Ilic**
LIMITATION OF THE RIGHT TO PRIVACY BY SECRET OBSERVATION OF THE SUSPECT'S COMMUNICATION..............................509

**Stanka Stjepanovic**
FROM OBSHCHINA TO PARTNERSHIP..............................525

**Suzana Nashkova**
CRIMINAL LAW PROTECTION OF TRADE SECRETS: AN ANALYSIS OF THE SOLUTIONS CONTAINED WITHIN THE UNITED STATES LEGISLATION..........535

**Tatiana Mikoni**
ALLOCATION OF LOSSES CAUSED BY UNAUTHORIZED PAYMENTS BETWEEN BANK AND CLIENT..............................551

**Tatiana Safronova**
AGREEMENT ON NEGOTIATING AS NEW INSTITUTE OF THE RUSSIAN CIVIL LAW..............................563

**Valdis Blūzma**
LEGAL REGULATION OF THE ABOLITION OF SERFDOM IN BALTIC GOVERNORATES OF THE RUSSIAN EMPIRE IN EARLY 19TH CENTURY: HISTORICAL BACKGROUND, REALISATION, SPECIFIC FEATURES AND EFFECT..............................575

**Vanda Božić**
CRITICAL REVIEW OF THE INCRIMINATION OF CRIMINAL ACTS AGAINST HONOR AND REPUTATION IN THE CROATIAN CRIMINAL LAW....................589

**Viktoria Serzhanova**
REFLECTIONS OVER THE PHENOMENON OF STATE POWER........................601

**Zaneta Poposka**
REASONABLE ACCOMMODATION FOR PERSONS WITH DISABILITIES..........611

**POLITICS**..............................625

**Ana Nikodinovska Krstevska, Strasko Stojanovski**
INTERNATIONAL ASPECTS AND IDENTITY ISSUES OF THE PRINCIPLE OF SELFDETERMINATION OF PEOPLE THROUGH THE PRISM OF THE PRESPA AGREEMENT..............................627

**Biljana Karovska-Andonovska**
HUMANITARIAN INTERVENTION AND HUMAN RIGHTS PROTECTION: LEGAL AND ETHICAL DILEMMAS..............................645

**Dance Galeva**
COMPARATIVE ANALYSIS OF LEGAL REGULATION AND POLICIES FOR BUILDING OF NATIONAL IDENTITY AND FOR PROMOTION OF MULTICULTURALISM IN THE SINGAPOREAN AND MACEDONIAN SOCIETY...657

**Christina Kobeleva Alekseevna**
DYNAMICS OF POLITICAL TRUST IN CONTEMPORARY RUSSIAN SOCIETY .....673

**Ilija Životić, Daniela Trajkovska**
MIGRATION, HUMAN RIGHTS, POLITICAL AND SECURITY RISKS FOR SMALL STATES..............................683

**Marin Beroš, Marta Božina Beroš**
EMU'S GOVERNANCE POST-CRISIS: WHAT ROLE FOR INTERGOVERNMENTALISM?..............................693

**Michaela Moravčíková**
RELIGION IN ECONOMIC AND LEGAL RELATIONS - THIRTY YEARS SINCE THE FALL OF COMMUNISM..............................703

**Nikola Ambarkov**
FACTORS THAT INFLUENCE THE USE OF THE PRESIDENTIAL VETO – THE MACEDONIAN CASE..............................719

**Nikolai Baranov**
POLITICIZATION OF THE CHURCH AND STATE RELATIONS IN THE MODERN WORLD: A ROLE OF ROC IN POLITICAL LIFE OF RUSSIA..............................737

**Olga Popova**
IDENTITY POLICY MODELS AND TECHNOLOGIES IN "NEW" STATES.............757

**Tamara Zametina**
STRATEGY OF THE STATE NATIONAL POLICY OF RUSSIA: PROBLEMS AND CONCEPTUAL DIRECTIONS OF PERFECTION..........................................773

**Tatiana Senyushkina**
THE POLITICS OF MEMORY AND THE CONFLICT OF GENERATIONS..............791

**Toni Gorgiev, Goce Stoilovski**
THROUGH THE SITUATION OF REFUGEES AND MIGRANTS TO STRENGTHEN CAPACITY IN TRANSIT COUNTRIES..........................................801

**SOCIETY**..........................................................................813

**Angelka Kesnikova, Makedonka Radulovik, Irena Bundalevska Avirovik, Ivana Dragovik**
SUPPORT OF FAMILIES WITH A CHILD WITH DISABILITIES IN DEVELOPMENT..........................................................................815

**Consuelo Diodati**
GLOBALIZATION AND A NEW EXPRESSION OF AUTHORITARIAN PERSONALITY: BULLYING AMONG YOUTHS..........................................................827

**Dragan Stefanovski**
THE CHALLENGES OF THE MODERN CITY IN THE ERA OF MAJOR MIGRATION PROCESSES..........................................................................839

**Dragana Ćorić**
WOULD SOCRATES BE SENTENCED TO DEATH PENALTY TODAY?...................855

**Dragana Lazarevska**
COMPARATIVE ANALYSIS OF CONSEQUENCES AND CHANGES IN THE SYSTEMS OF DIVORCE IN THE WORLD AND REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA...........861

**Katerina Shapkova Kocevska**
DIFFERENT METHODOLOGICAL APPROACHES REGARDING MEASUREMENT OF RULE OF LAW..........................................................................883

**Makedonka Radulovik, Irena Bundalevska Avirovik, Angelka Kesnikova**
UNITED NATIONS CONTRIBUTION TO FAMILIES (FOCUS ON FAMILY INTERNATIONAL DAY)..........................................................901

**Natalia N. Muraveva**
AIRPORT, AS A PLACE OF CONCENTRATION OF AIR TRANSPORT SERVICES...913

**Slavejko Sasajkovski**
THE INFLUENCE OF EDUCATION AND HEALTH CARE ON ECONOMIC GROWTH AND SOCIAL DEVELOPMENT – SEVERAL TEORETICAL-SOCIOLOGICAL EXPLICATIONS..........................................................................921

**Zoran Jovanovski, Elena Ivanova**
GLOBALIZATION – CHALLENGE OR THREAT FOR THE CULTURAL IDENTITY..........................................................................931

**MEDIA AND COMMUNICATIONS** ...............................................939

**Andon Majhoshev, Suzana Dzamtoska-Zdravkovska**
REGULATION FOR MEDIA COVERAGE OF ELECTION CAMPAIGNS..............941

**Eleonora Serafimovska, Marijana Markovikj**
DISCOURSE OF EMOTIONS IN THE COLUMNS IN THE INTERNET MEDIA IN THE PERIOD BEFORE THE REFERENDUM ON CHANGING THE CONSTITUTIONAL NAME OF REPUBLIC OF MACEDONIA...................................................955

**Iskra Koroveshovska**
THE INFLUENCE OF THE NETWORK SOCIETY OVER JOURNALISM INTEGRITY..........................................................................977

**Kiril Barbareev, Goranka Markovic, Nikolina Atanasova**
MEDIA CONTENT AS AN EDUCATIONAL RESOURCE...................................991

**Marija Drakulovska Cukalevska, Anica Dragovic**
THE IMAGE OF SOCIAL EXCLUSION IN MACEDONIAN MEDIA.....................1001

**Mohammed El Dessouky, Hassan Mustafa**
THE ROLE OF THE STRICT CIVIL LIABILITY IN CONSUMER PROTECTION AND THE NEED FOR ITS APPLICATION IN THE ADVERTISING FIELD.................1009

Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip,
Republic of N. Macedonia



Original research paper

# СООБРАЌАЈНАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2010-2017 ГОДИНА: КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ

**Александра Груевска Дракулевски**
Вонреден професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје,
E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

*„Ниту едно дете не треба да умре или сериозно да се повреди додека оди, вози велосипед или игра. Ние мора да ги вратиме нашите улици на нашите деца. Тие имаат право да се чувствуваат безбедно на нив."*
(„Глобален извештај за состојбата со безбедноста на патиштата" 2018, СЗО)

**Апстракт**
Авторот на трудот се осврнува на феноменолошките, етиолошките и виктимолошките аспекти на сообраќајната деликвенција во нашата држава во периодот 2010-2017 година. Исто така, авторот предлага и мерки за превенција на овој облик на деликвенција.
Сообраќајната деликвенција е масовна и индивидуална негативна општествена појава што има за последица предизвикување на страдања на луѓето, предизвикување на материјални и други штети и дезорганизација на самиот сообраќај. Во Република Северна Македонија, на секои 55 часа има по една жртва во сообраќајот, годишно во просек гинат 158 лица, а на еден загинат, 40 лица тешко страдаат. И понатаму е голем бројот на деца жртви на сообраќајни незгоди. Најголем дел од жртвите се патници во моторни возила и патници во други транспортни средства, како и пешаци. Етиологијата на сообраќајната деликвенција е мултифакторска, сепак, доминираат субјективните фактори, иако, и објективните фактори имаат значајно влијание. Повеќе од 90% од сообраќајните деликти се резултат на субјективен фактор, и тоа, брзо возење, непочитување на правила за првенство на минување, недржење страна и правец на движење, непрописно движење и свртување и управување под дејство на алкохол.
Согласно резултатите од истражувањето, авторот заклучува дека инциденцата на жртви на сообраќајни деликти е релативно висока, па оттука, итно треба да се преземат мерки за спречување, превенирање и намалување на сообраќајната деликвенција.

***Клучни зборови:*** *сообраќајна деликвенција, сообраќајни незгоди, жртви, феноменологија, виктимологија, етиологија, превенција.*

Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip,
Republic of N. Macedonia

# TRAFFIC DELIQUENCY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2010-2017: CRIMINOLOGICAL ASPECTS

**Aleksandra Gruevska Drakulevski**
Associate Professor, Ss. Cyril and Methodius University,
Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje
E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

*"No child should die or be seriously injured while they walk, cycle or play. We must return our streets to our children. They have a right to feel safe on them."*

("Global Report on Road Safety Status" 2018, WHO)

**Abstract**
The author of the paper addresses the phenomenological, aetiological and victimological aspects of traffic delinquency in our country in the period 2010-2017. In addition, the author proposes measures for prevention of this form of delinquency.
Traffic delinquency is a massive and individual negative social phenomenon that has the consequence of causing human suffering, causing material and other damage and disorienting the traffic itself.
In the Republic of North Macedonia, every 55 hours there is one victim in traffic accidents, on average 158 people die every year, and on one died in a car accident, 40 people are severely suffering. The number of children victims of road accidents remains high. Most of the victims are passengers in motor vehicles and passengers in other means of transport, as well as pedestrians.
The aetiology of traffic delinquency is multifactorial, however, subjective factors dominate, though, and objective factors have a significant impact. More than 90% of traffic accidents are a result of a subjective factor, such as speeding, failure to comply with rules of priority, lack of side and direction of movement, irregular movement, and turning and driving under the influence of alcohol.
According to the results of the research, the author concludes that the incidence of victims of traffic delinquencies is relatively high; hence, urgently measures should be taken to combat, prevent and reduce traffic delinquency.

***Keywords:*** *traffic delinquency, traffic accidents, victims, phenomenology, victimology, aetiology, prevention.*

## Вовед

Сообраќајната деликвенција е масовна и индивидуална негативна општествена појава која се изразува преку противправно и општествено опасно поведение на поединци и групи во сообраќајот што има за последица предизвикување на страдања на





луѓето во него, предизвикување на материјални и други штети и дезорганизација на самиот сообраќај.[1]

Брзиот развој на сообраќајот, несоздавањето соодветни услови за негово безбедно остварување, како и неспособноста на човекот да се прилагоди во смисла на негова недисциплина, неодговорност, несовесност, непочитување на правилата и сл., доведе до намалување на безбедноста во сообраќајот и зголемување на опасностите и страдањата на човекот, односно доведе до сообраќајна деликвенција како негативна консеквенца.

Сообраќајната деликвенција ги опфаќа кривичните дела против безбадноста во сообраќајот и сообраќајните прекршоци. Во Кривичниот законик на Република Северна Македонија (РСМ),[2] во глава дваесетиседма се предвидени кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај, и тоа, Загрозување на безбедноста на сообраќајот (член 297), Загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејствие или средство (член 298), Несовесно вршење надзор над сообраќајот (член 299), Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот (член 300), Неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода (член 301), Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа (член 302), Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај (член 303), Уништување или отстранување знак што служи за безбедност на воздушниот сообраќај (член 304).[3] Прекршоците во сообраќајот се регулирани со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,[4] Законот за прекршоците.[5]

Сообраќајната деликвенција бележи пораст во речиси сите држави во светот. Иако, постојат разлики во статистичкото евидентирање, јасно е дека вкупниот број на казниви однесувања во областа на сообраќајот е многу голем и е во постојан пораст во светот и кај нас, со големи материјални штети и човечки жртви.[6]

Според Глобалниот извештај за состојбата со безбедноста на патиштата од Светската здравствена организација (СЗО) од 2018 година, проблемот станува сè посериозен. Смртта во патниот сообраќај е зголемена на 1,35 милиони жртви годишно. Тоа се речиси 3.700 луѓе кои умираат секој ден на патиштата во светот. Секоја година десетици милиони се повредени или инвалидизирани, луѓе кои страдаат понатаму во живот заради долготрајни последици. Овие загуби погодуваат огромен број на семејства

---

[1] Арнаудовски, Љ. (2007), „Криминологија", Скопје: 2 Август С-Штип. Сулејманов, З., (2007) „Криминологија", Скопје: Графос. Кајзер, Гинтер (1996), „Криминологија", Скопје: Александрија. Ignjatović, D., (2006) "Kriminologija", Beograd: Nomos. Milutinović, M., (1979) "Kriminologija", Beograd: Savremena Administracija. Šeparović, Z., (1981) "Kriminologija i socijalna patologija", Zagreb: Pravni fakultet. Singer, M., Vukadin, I. K. I Mraović, I. C., (2002) „Kriminologija", Zagreb: Nakladni Zavod Globus, Edukacijsko-rehabilitacijaski fakultet Sveučilišta u Zagrebu. Konstantinović-Vilić, Slobodanka/ Nikolić-Ristanović, Vesna/ Kostić, Miomira (2012) "Kriminologija", Niš: Sven Niš.

[2] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

[3] В. повеќе: Камбовски, В., Тупанчески, Н., (2011) „Казнено право–посебен дел", петто изменето и дополнето издание, Скопје.

[4] Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016 и 11/2018).

[5] Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015).

[6] Konstantinović-Vilić, Slobodanka/ Nikolić-Ristanović, Vesna/ Kostić, Miomira (2012) "Kriminologija", Niš: Sven Niš.

и заедници. Од друга страна, трошоците за интервенирање при несреќи, здравствената заштита и човечката тага е огромна.[7]

Постојат многу причини за овој тренд: брза урбанизација, несоодветни стандарди за безбедност, неспроведување на законите, луѓе кои возеле расеани или уморни, а други под влијание на дрога или алкохол, брзо возење и неносење појаси или кациги. Она што најмногу погодува во овој извештај на СЗО е дека повредите во сообраќајот на патиштата се водечка причина за смрт за луѓе на возраст меѓу 5 и 29 години. „Ниту едно дете не треба да умре или сериозно да се повреди додека оди, вози велосипед или игра. Ние мора да ги вратиме нашите улици на нашите деца. Тие имаат право да се чувствуваат безбедно на нив."[8] Оттука, Агендата за одржлив развој од 2030 година поставува амбициозна цел да се преполови глобалниот број на смртни случаи и повреди од сообраќајни несреќи во сообраќајот до 2020 година. Но, Глобалниот извештај за состојбата со безбедноста на патиштата од Светската здравствена организација (СЗО) од 2018 година покажува дека е направен мал напредок, оттука, постои итна потреба да се зголемат интервенциите и инвестициите.[9]

Според Извештајот, несреќите во патниот сообраќај сега претставуваат осма водечка причина за смрт на глобално ниво. Статистиката потврдува дека повеќе од 1,35 милиони лица ги губат своите животи секоја година во сообраќајни незгоди, а 50 милиони се повреди. А, факт е дека еден од тие смртни случаи или повреди може да се спречи.[10]

Повредите во патниот сообраќај предизвикуваат значителни економски загуби за поединците, нивните семејства и за нациите во целина. Овие загуби произлегуваат од трошоците за лекување, како и изгубената продуктивност на оние што се загинати или оневозможени од повредите, како и за членовите на семејството кои треба да ја напуштат работата или училиштето за да се грижат за повредените. Несреќите во патниот сообраќај ги чини повеќето земји 3% од нивниот бруто-домашен производ.[11]

Повеќе од 90% од смртните случаи во сообраќајот се случуваат во земјите со низок и среден приход. Стапките на смртност во сообраќајни незгоди се највисоки во африканскиот регион. Дури и во земјите со високи примања, луѓето со пониско социо-економско потекло имаат поголема веројатност да бидат вклучени во несреќи во патниот сообраќај. Она што најмногу загрижува е фактот дека сообраќајните незгоди во патниот сообраќај се водечка причина за смрт кај децата и младите на возраст од 5 до 29 години. Од најрана возраст, мажите имаат поголема веројатност да бидат вклучени во сообраќајни незгоди отколку лицата од женски пол. Околу три четвртини (73%) од сите смртни случаи во сообраќајот на патиштата се јавуваат кај млади мажи на возраст под 25 години, кои скоро три пати е поверојатно да бидат усмртени во сообраќајна несреќа отколку млади жени. Пешаци, велосипедисти и возачи на моторизирани две и три тркала и нивните патници се колективно познати како „ранливи учесници во сообраќајот" и претставуваат половина од сите смртни случаи во сообраќајот во целиот

[7] Global status report on road safety 2018. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. file:///C:/Users/User/Downloads/9789241565684-eng.pdf (Пристапено на: 4.7.2019 година).

[8] *Ibid.*

[9] *Ibid.*

[10] *Ibid.*

[11] *Ibid.*





свет. Поголем дел од ранливите учесници во сообраќајот умираат во земјите со ниски приходи отколку во земјите со високи примања.[12]

Во Република Северна Македонија (РСМ) на секои 55 часа има по една жртва во сообраќајот, годишно во просек гинат 158 лица, а на еден загинат, 40 лица тешко страдаат. И понатаму е голем бројот на деца жртви на сообраќајни незгоди. Најголем дел од жртвите се патници во моторни возила и патници во други транспортни средства, како и пешаци.

Понатаму во трудот се анализирани криминолошките аспекти на сообраќајната деликвенција во РСМ, и тоа, феноменологија, виктимологија, етиологија и превенција. Притоа, се анализираат сообраќајните несреќи со потешки последици (со загинати и со повредени лица), а изоставени се сообраќајните прекршоци со оглед на фактот што нема официјални статистички податоци за нив.

## 1. Феноменологија и виктимологија на сообраќајната деликвенција во РСМ

Во периодот 2010-2017 година во просек се случиле 139 сообраќајни незгоди со загинати лица, а 3.942 сообраќајни незгоди со повредени лица. Во истиот период, во просек, се случиле 2,67 сообраќајни незгоди со голема материјална штета. Очигледно е

[12] *Global status report on road safety 2018*. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. (Пристапено на: 4.7.2019 година). Во прилог е дадена споредба со претходен извештај за состојбата со сообраќајни несреќи. Според Светската здравствена организација, повредите во сообраќајот на патиштата предизвикале 1,25 милиони смртни случаи во светот во 2010 година. Тоа значи дека едно лице е убиено на секои 25 секунди. Само 28 земји, кои претставуваат 449 милиони луѓе (седум проценти од светската популација), имаат соодветни закони кои ги опфаќаат сите пет фактори на ризик (брзина, возење под дејство на алкохол, шлемови, појаси и детски ограничувања). Над третина од смртните случаи во сообраќајот во земјите со ниски и средни приходи се меѓу пешаците и велосипедистите. Сепак, помалку од 35 проценти од земјите со ниски и средни приходи имаат политики за заштита на овие корисници на патиштата. (WHO, ed. (2015). *Global Status Report on Road Safety 2015* (official report). Geneva: World Health Organisation (WHO). Просечната стапка изнесува 17,4 на 100.000 луѓе. Земјите со ниски приходи сега имаат годишно највисока стапка на смртност во патниот сообраќај, 24,1 на 100.000, додека стапката во земјите со високи примања е најниска, со 9,2 на 100.000. (*WHO, ed. (2015). Global Status Report on Road Safety 2015 (official report). Geneva: World Health Organisation (WHO).* Седумдесет и четири проценти од смртните случаи во сообраќајот се случуваат во земјите со среден приход, кои сочинуваат само 53 проценти од светските регистрирани возила. Во земјите со ниски приходи тоа е уште полошо. Само еден процент од регистрираните автомобили во светот произведуваат 16 проценти од смртните случаи во сообраќајот во светот. Ова укажува на тоа дека овие земји имаат непропорционално висок товар за смртни случаи во сообраќајот во однос на нивното ниво на моторизација. (*WHO, ed. (2015). Global Status Report on Road Safety 2015 (official report). Geneva: World Health Organisation (WHO).* Постојат големи разлики во стапката на смртност во сообраќајот на патиштата меѓу регионите. Ризикот од умирање како резултат на сообраќајна повреда е најголем во африканскиот регион (пораст од 26,6 на 100 000 жители), а најнизок во европскиот регион (се намалува 9,3 на 100 000). (*WHO, ed. (2015). Global Status Report on Road Safety 2015 (PDF) (official report). Geneva: World Health Organisation (WHO).* Половина од смртните случаи во сообраќајот во светот се јавуваат кај моторциклистите (23%), пешаците (22%) и велосипедистите (5%) - односно „ранливите учесници во сообраќајот" - 31% од смртните случаи се патници во автомобили, а останатите 19% се неодредени корисници на патишта. (WHO, ed. (2013). *Global Status Report on Road Safety 2013: supporting a decade of action* (PDF) (official report). Geneva, Switzerland: World Health Organisation (WHO). Возрасните на возраст помеѓу 15 и 44 години сочинуваат 59% од смртните случаи во патниот сообраќај. Седумдесет и седум проценти од смртните случаи на патот се мажи. (*Ibid.*) (Пристапено на: 4.7.2019 година).

дека од вкупниот број сообраќајни незгоди, во просек, високи 98,09% се сообраќајни незгоди со повредени лица.

Во вкупниот број сообраќајни незгоди во анализираниот период, во просек, загинале 158 лица, а 6.253 биле повредени. Односно, во просек, во една сообраќајна незгоди со загинати лица, загинале по 1,13 лица, а во една сообраќајна незгода со повредени лица 1,59 лица биле повредени.

Понатаму, од податоците може да се забележи дека стапката на вкупен број сообраќајни незгоди во анализираниот период бележи континуиран пораст со највисока стапка во 2011 година (4.463), а најниска во 2014 година (3.853).

Најголем број лица загинале во 2013 година (198), а најмал број на загинати лица е забележан во 2014 година (130). Од друга страна, пак, најголем број повредени лица во сообраќајни незгоди, 6.853 лица, е забележан во 2011 година, а најмал број во 2015 година (5.913).

Податоците се сумирани во табелата подолу.

**Табела 1.** Сообраќајни незгоди по видови на последици во периодот 2010-2017 година

| Видови сообраќајни незгоди | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Просечна стапка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сообраќајни незгоди со загинати лица** | 134 | 148 | 124 | 170 | 115 | 135 | 150 | 137 | 139 |
| **Сообраќајни незгоди со повредени лица** | 4.089 | 4.314 | 3.984 | 4.060 | 3.737 | 3.719 | 3.752 | 3.882 | 3942 |
| **Сообраќајни незгоди со голема материјална штета** | 3 | 1 | 3 | 6 | 1 | / | 2 | / | 3 |
| **Вкупно** | 4226 | 4463 | 4111 | 4236 | 3853 | 3854 | 3904 | 4019 | 4083 |
| **Загинати лица** | 162 | 172 | 132 | 198 | 130 | 148 | 165 | 155 | 158 |
| **Повредени лица** | 6.375 | 6.853 | 6.149 | 6.484 | 6.056 | 5.913 | 5.971 | 6.224 | 6253 |

Извор: Министерство за внатрешни работи[13]

[13] https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1268663980. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56





**Графикон 1.**




Анализата на податоците за сообраќајни незгоди со потешки последици (загинати и повредени лица) по СВР во периодот 2010-2017 година покажува дека, во просек, во анализираниот период загинале 139 лица годишно, а 3.942 биле повредени на годишно ниво. Најголем број сообраќајни несреќи се случуваат на подрачје на СВР Скопје, и најголем број лица загинале во сообраќајни незгоди на ова подрачје, односно, во просек 36 лица годишно, а 1,740 лица биле повредени. Ова може да се објасни со фактот дека Скопје е главен град на РСМ, при што скоро половина од населението на целата земја живеат тука. Оттука, градот е преполн и затоа густината на криминалитетот и деликвенцијата имаат најголема концентрација во град Скопје.

Следи подрачјето на СВР Битола, каде во анализираниот период во просек загинале 23 лица годишно, потоа, СВР Охрид (во просек 16 лица годишно), СВР Штип (15), СВР Велес, СВР Струмица и СВР Тетово (во просек по 13 лица годишно), а најмалку лица загинале на подрачје на СВР Куманово (11 лица). Што се однесува до бројот на повредени лица, по СВР Скопје следува СВР Тетово (во просек 403 лица годишно), следи СВР Битола (во просек 368 лица годишно), СВР Куманово (321), СВР Штип (304), СВР Охрид (292), СВР Велес (271), СВР Струмица (244).

Гледано по години, на подрачје на СВР Скопје се забележува пад на бројот на повредени лица во сообраќајни незгоди, а спротивно на тоа на подрачје на СВР Тетово се забележува пораст низ годините. За останатаите СВР се забележуваат извесни осцилации низ годините.

Податоците се сумирани во табелата подолу.

**Табела 2.** Сообраќајни незгоди со потешки последици (загинати и повредени лица) по СВР во периодот 2010-2017 година

| | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | | Средна вредност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица | со загинати лица | со повредени лица |
| СВР Скопје | 37 | 1899 | 47 | 2.035 | 31 | 1.725 | 34 | 1.718 | 32 | 1.646 | 43 | 1.633 | 30 | 1.650 | 35 | 1.617 | 36 | 1740 |
| СВР Битола | 15 | 365 | 17 | 396 | 19 | 407 | 36 | 378 | 21 | 362 | 24 | 313 | 22 | 348 | 27 | 371 | 23 | 368 |
| СВР Велес | 12 | 232 | 17 | 281 | 12 | 285 | 17 | 312 | 10 | 260 | 9 | 259 | 17 | 269 | 11 | 269 | 13 | 271 |
| СВР Куманово | 12 | 363 | 12 | 349 | 11 | 319 | 13 | 322 | 11 | 275 | 14 | 309 | 6 | 297 | 5 | 332 | 11 | 321 |
| СВР Охрид | 15 | 293 | 13 | 301 | 13 | 317 | 22 | 330 | 15 | 249 | 16 | 256 | 21 | 266 | 10 | 320 | 16 | 292 |
| СВР Струмица | 15 | 248 | 12 | 290 | 13 | 254 | 13 | 250 | 7 | 224 | 11 | 237 | 18 | 242 | 18 | 210 | 13 | 244 |
| СВР Тетово | 12 | 355 | 14 | 358 | 13 | 366 | 17 | 417 | 9 | 429 | 11 | 400 | 21 | 431 | 9 | 464 | 13 | 403 |
| СВР Штип | 16 | 334 | 16 | 304 | 12 | 311 | 18 | 333 | 10 | 292 | 7 | 312 | 15 | 249 | 22 | 299 | 15 | 304 |
| Вкупно | 134 | 4089 | 148 | 4314 | 124 | 3984 | 170 | 4060 | 115 | 3737 | 135 | 3719 | 150 | 3752 | 137 | 3882 | 139 | 3942 |
| Средна вредност | 17 | 511 | 19 | 539 | 16 | 498 | 21 | 508 | 14 | 467 | 17 | 465 | 19 | 469 | 17 | 485 | 17 | 493 |





Извор: Министерство за внатрешни работи [14]

**Графикон 2.**




Министерството за внатрешни работи дава анализа на зголемувањето односно намалувањето на сообраќајните незгоди со потешки последици за 2018 споредено со 2017 година. Од податоците може да се заклучи дека генерално има намалување на сообраќајните незгоди со потешки последици од 6,9%. Сообраќајните незгоди со загинати лица се намалиле за 13,9%, а сообраќајните незгоди со повредени лица за 6,7%. Од ова намалување има исключоци што се однесуваат на одредени подрачја на СВР. Така, на пример, најалармантни се податоците за пораст на сообраќајните незгоди со загинати лица на подрачје на СВР Тетово од дури 66,7%, потоа, СВР Куманово – 40% и СВР Охрид – 20%. Ова, укажува на фактот дека дополнително треба да се направат анализи за да се утврдат причините за вака драстичниот пораст со цел намалување и превенирање. Од друга страна, за поздравување е фактот дека сообраќајните незгоди со загинати лица драстично се намалиле на подрачје на СВР Велес (63,6%), СВР Струмица (38,9%) и СВР Битола (33,3%).

**Табела 3.** Сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР за 2017/2018 година

[14] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).

| | Сообраќајни незгоди со потешки последици | | | Сообраќајни незгоди со загинати лица | | | Сообраќајни незгоди со повредени лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 година | 2018 година | Намалување/зголемување % | 2017 година | 2018 година | Намалување/зголемување % | 2017 година | 2018 година | Намалување/зголемување % |
| **СВР Скопје** | 1.652 | 1.452 | -12,1 | 35 | 32 | -8,6 | 1.617 | 1.420 | -12,2 |
| **СВР Битола** | 398 | 371 | -6,8 | 27 | 18 | -33,3 | 371 | 353 | -4,9 |
| **СВР Велес** | 280 | 288 | 2,9 | 11 | 4 | -63,6 | 269 | 284 | 5,6 |
| **СВР Куманово** | 337 | 306 | -9,2 | 5 | 7 | 40 | 332 | 299 | -9,9 |
| **СВР Охрид** | 330 | 314 | -4,8 | 10 | 12 | 20 | 320 | 302 | -5,6 |
| **СВР Струмица** | 228 | 211 | -7,5 | 18 | 11 | -38,9 | 210 | 200 | -4,8 |
| **СВР Тетово** | 473 | 451 | -4,7 | 9 | 15 | 66,7 | 464 | 436 | -6 |
| **СВР Штип** | 321 | 347 | 8,1 | 22 | 19 | -13,6 | 299 | 328 | 9,7 |
| **Вкупно** | 4.019 | 3.740 | -6,9 | 137 | 118 | -13,9 | 3.882 | 3.622 | -6,7 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [15]

Според податоците прикажани во Статистиката: сообраќајни несреќи со потешки последици и жртви по градови во 2017 година, во сообраќајни несреќи имало 155 смртни случаи, повеќето од жртвите биле на возраст од 41-64 години (52), 25-40 години (34) и 65 и повеќе (33). Четиринаесет од жртвите биле на возраст од 15-19 години, а четири од жртвите биле на возраст од 0-14 години. Најголем дел од жртвите биле патници во моторни возила и патници со други транспортни средства, како и пешаци. Податоците се прикажани во табелата подолу.

[15] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





**Табела 4.** Загинати во сообраќајни несреќи според возраст, 2017

| | Вкупно | 0-14 | 15-19 | 20-24 | 25-40 | 41-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 155 | 4 | 14 | 18 | 34 | 52 | 33 |
| **Патници во моторно возило** | 77 | - | 9 | 7 | 23 | 29 | 9 |
| **Патници** | 44 | 3 | 4 | 9 | 8 | 13 | 7 |
| **Пешаци** | 34 | 1 | 1 | 2 | 3 | 10 | 17 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [16]

Во однос на повредените лица во сообраќајни незгоди според возраста, вкупно 6.224 лица биле повредени. Мнозинството биле на возраст од 25-40 години (1.992), 41-64 (1.717), 20-24 (841), 0-14 (653), 15-19 (592) и 65 и повеќе (429). Повеќето од повредените жртви биле патници во моторни возила и патници со други транспортни средства. Податоците се сумирани во табелата подолу.

**Табела 5.** Повредени лица во сообраќајни несреќи според возраст, 2017

| | Вкупно | 0-14 | 15-19 | 20-24 | 25-40 | 41-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 6.224 | 653 | 592 | 841 | 1.992 | 1.717 | 429 |
| **Патници во моторно возило** | 2.861 | 52 | 199 | 403 | 1.150 | 910 | 147 |
| **Патници** | 2.443 | 377 | 302 | 384 | 691 | 561 | 128 |
| **Пешаци** | 914 | 223 | 90 | 54 | 148 | 245 | 154 |
| **Терачи на стока** | 6 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 0 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [17]

*Да заклучиме*, инциденцата на жртви на сообраќајни незгоди е релативно висока, па оттука властите во земјата треба да преземат мерки за спречување, а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни несреќи со штетни последици.

Според анализата на МВР за 2017 и 2018 година за сообраќајни незгоди со потешки последици (загинати и повредени лица) по СВР се бележи пад на бројот на загинати и повредени лица со одредени исклучоци каде, за жал, се забележува пораст. Имено, најголем пад од 63,6% на загинати лица е забележан на подрачје на СВР Велес. Од друга страна, пак, се забележува пораст на загинати лица од 50% за подрачјата на СВР Куманово и Тетово. Податоците се сумирани подолу во табелата.

[16] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. (Пристапено на: 25.2.2018).
[17] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. (Пристапено на: 25.2.2018).

Табела 6. Загинати и повредени лица по СВР (2017-2018)

| | Загинати лица | | | Повредени лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 година | 2018 година | намалување/зголемување % | 2017 година | 2018 година | намалување/зголемување % |
| СВР Скопје | 37 | 36 | -2,7 | 2.463 | 2.146 | -12,9 |
| СВР Битола | 28 | 24 | -14,3 | 592 | 542 | -8,4 |
| СВР Велес | 11 | 4 | -63,6 | 452 | 434 | -4 |
| СВР Куманово | 6 | 9 | 50 | 512 | 482 | -5,9 |
| СВР Охрид | 12 | 12 | 0,0 | 533 | 516 | -3,2 |
| СВР Струмица | 21 | 13 | -38,1 | 354 | 372 | 5,1 |
| СВР Тетово | 10 | 15 | 50 | 841 | 839 | -0,2 |
| СВР Штип | 30 | 20 | -33,3 | 477 | 529 | 10,9 |
| Вкупно | 155 | 133 | -14,2 | 6.224 | 5.860 | -5,8 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [18]

Според податоците од Државниот завод за статистика на РСМ, Соопштението за насилна смрт во Република Северна Македонија, 2018,[19] во просек, во периодот 1994-2018 година, во несреќни случаи гинеле 419 лица годишно што претставува, во просек, 69% од умрените лица од насилна смрт во земјата. Притоа, напоменуваме дека според методологијата, во несреќни случаи покрај транспортни несреќи се пресметуваат и други причини за несреќи.

## 2. Етиологија на сообраќајната деликвенција

Етиологијата на сообраќајната деликвенција е мултифакторска, сепак, доминираат субјективните фактори (психофизички способности, психички својства, раздразнетост, страв, бес, слаба концентрација, способност за самоконтрола, за прилагодување на возење кон условите, солидарност, замор, ненаспиеност,

[18] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).
[19] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=12&rbr=3016 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





неодмореност, предолго возење, недоволна оспособеност за возење, недостиг на општо образование, недостиг на соодветно знаење, вештини и искуство за управување на возило, непознавање на знаци и прописи, преголема самоувереност заради долг возачки стаж, неадекватно влијание на репресивните мерки, болни состојби и болест во текот на управување со моторното возило, земање лекарства кои влијаат на успорување на реакциите кај возачот, (не)редовна контрола на психичко и физичко здравје и способност за управување со возилото, возраст, пол, алкохол...), иако, и објективните фактори (фактори на „виша сила“, технички фактори врзани за возилото, состојбата на патиштата, брзиот развој на сообраќајот, сообраќајната култура, создавањето услови за безбедно остварување на сообраќајот, развојот, состојбата, оспособеноста на патна мрежа, сигнални уреди, инфраструктура на раскрсници, премини, црни точки, структура на возилата, одржување, време на користење, климатски услови...) имаат значајно влијание.

Повеќе од 90% сообраќајните деликти се резултат на субјективен фактор, и тоа, брзо возење, непочитување на правила за првенство на минување, недржење страна и правец на движење, непрописно движење и свртување и управување под дејство на алкохол.

„Пристапот на безбеден систем за безбедност на патиштата“ (The Safe System approach to road safety) има за цел да обезбеди сигурен транспортен систем за сите учесници во сообраќајот. Таквиот пристап ја зема во предвид ранливоста на луѓето од сериозни повреди во сообраќајни несреќи и признава дека системот е под влијание на човечки грешки. Основата на овој пристап се безбедни патишта и тротоари, безбедна брзина на возење, безбедни возила и безбедни учесници на патот, кои сите мора да придонесат со цел да се елиминираат фаталните несреќи и да се намалат сериозните повреди.[20]

Меѓу причините за сообраќајни незгоди на глобално ниво ги истакнуваме позначајните, и тоа, брзо возење, возење под влијание на алкохол и други психотропни супстанции, неносење на кациги, ремени и детски седишта, невнимателно возење, небезбедна патна инфраструктура, небезбедни возила, неадекватна грижа после несреќата, несоодветно спроведување на законот за безбедност во сообраќајот, итн.

*Брзо возење.* Зголемувањето на просечната брзина е директно поврзано со веројатноста да се предизвика сообраќајна несреќа и со сериозноста на последиците од несреќата. На пример, секое зголемување од 1% на средната брзина предизвикува зголемување од 4% на ризикот од смртоносна несреќа и зголемување од 3% на сериозен ризик од несреќа. Ризикот од смрт кај пешаците погоден од автомобил брзо се зголемува (4,5 пати од 50 км/ч до 65 км/ч). При судир на возила ризикот од фаталност за патниците е 85% при брзина од 65 км/ч.[21]

*Возење под влијание на алкохол и други психотропни супстанции.* Возењето под дејство на алкохол и други психотропни супстанци или лек го зголемува ризикот од несреќа што резултира со смрт или сериозни повреди. Во случај на возење под дејство на алкохол, ризикот од сообраќајна несреќа започнува со ниски нивоа на концентрација на алкохол во крвта и значително се зголемува кога концентрација на алкохол во крвта

[20] Global status report on road safety 2018. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. (Пристапено на 7.7.2019 година).
[21] *Ibid.*

кај возачот е $\geq$ 0,04 g/dl. Во случај на возење под дејство на дрога, ризикот од сообраќајна несреќа се зголемува до различни степени во зависност од употребената психоактивна супстанца. На пример, ризикот од смртоносна несреќа кај оние кои користеле амфетамини е околу 5 пати поголем од ризикот кај некој кој не користел.[22]

*Неносење на кациги, ремени и детски седишта.* Правилната употреба на кацига може да доведе до 42% намалување на ризикот од фатални повреди и 69% намалување на ризикот од повреди на главата. Ставањето појас го намалува ризикот од смрт кај возачите и патниците на предните седишта за 45-50% и ризикот од смрт и сериозни повреди кај патниците од задни седишта за 25%. Употребата на детски седишта може да доведе до 60% намалување на смртните случаи.[23]

*Невнимателно возење.* Постојат многу видови на одвлекување на вниманието што може да доведе до сообраќајна незгода. Невниманието предизвикано од користење на мобилни телефони е сé поголем проблем за безбедноста на патиштата. Возачите кои користат мобилни телефони имаат околу 4 пати поголеми шанси да бидат вклучени во сообраќајна несреќа отколку возачите кои не користат мобилен телефон. Употребата на телефон за време на возењето ги забавува реакциите (особено времето на реакција на сопирање, но и реакцијата на сообраќајните сигнали), и го отежнува одржувањето на правилната лента и задржување на соодветно растојание. Hands-free телефоните не се многу побезбедни, а текстуалните пораки значително го зголемуваат ризикот од несреќа.[24]

*Небезбедна патна инфраструктура.* Дизајнот на патишта може да има значително влијание врз безбедноста. Идеално, патишта треба да бидат дизајнирани имајќи ја предвид безбедноста на сите корисници на патот. Ова би значело дека треба да има соодветни услови за пешаците, велосипедистите и мотоциклисти. Мерките како што се патеки, велосипедски патеки, безбедни премини и други мерки можат да бидат критични за намалување на ризикот од повреди кај овие корисници на патот.[25]

*Небезбедни возила.* Безбедните возила играат клучна улога во спречувањето на несреќи и намалувањето на веројатноста за сериозни повреди. Постојат голем број на прописи на Обединетите нации за безбедност на возилата кои, доколку се применуваат како стандарди за производство во земјите, потенцијално би се спасиле многу животи. Тука спаѓа потребата производителите на возила да ги исполнат регулативите за предни и странични удари, со цел да се вклучи електронска контрола на стабилноста и да се осигураат воздушни перничиња и појаси за прицврстување во сите возила. Без овие основни стандарди ризикот од сообраќајни повреди - и на оние во возилото и оние надвор од него - е значително зголемен.[26]

*Неадекватна грижа после несреќата.* Доцнењата во откривањето и обезбедувањето грижа за оние кои се вклучени во сообраќајна несреќа ја зголемуваат сериозноста на повредите. Заштитата од повреди по несреќата е исклучително временски чувствителна: одложувањата на минути можат да ја направат разликата помеѓу животот и смртта. Подобрувањето на грижата по несреќата бара обезбедување пристап до навремена прехоспитална грижа, како и подобрување на квалитетот на

[22] *Ibid.*
[23] *Ibid.*
[24] *Ibid.*
[25] *Ibid.*
[26] *Ibid.*





прехоспиталната и болничката нега, како, на пример, преку специјализирани програми за обука.[27]

*Несоодветно спроведување на законот за безбедност во сообраќајот.* Ако сообраќајните закони за возење под дејство на алкохол, носење на сигурносни појаси, ограничувања на брзината, кациги и седишта за деца не се спроведуваат, тие не можат да доведат до очекувано намалување на жртвите од сообраќајни несреќи и повреди поврзани со одредени однесувања. Така, ако сообраќајните закони не се спроведуваат или се сметаат за неприменети, веројатно тие нема да бидат почитувани и затоа ќе имаат многу малку шанси да влијаат врз однесувањето. Ефективното спроведување вклучува воспоставување, редовно ажурирање и спроведување на законите на национално, општинско и локално ниво кои се однесуваат на горенаведените фактори на ризик. Тука спаѓа и дефиницијата за соодветни казни.[28]

***

Што се однесува до етиологијата на сообраќајната деликвенција во РСМ, како најчести причини за сообраќајни незгоди се издвојуваат: брзо возење, непочитување на правила за првенство на минување, недржење страна и правец на движење, непрописно движење и свртување, управување под дејство на алкохол.

Во периодот 2010-2017 година, во просек, во 934 случаи причина за сообраќајни незгоди било брзо возење или 33,84%. Во просек, 645 сообраќајни незгоди се случиле поради непочитување на правила за првенство на минување (23,39%). Понатаму, во просек 549 сообраќајни незгоди се случиле поради недржење страна и правец на движење (19,90%). Во просек, 454 незгоди се предизвикани од непрописно движење и свртување (16,46%). Управување под дејство на алкохол било причина за сообраќајна незгода во, во просек, 177 случаи или 6,41%.

Факторот брзо возење бележи драстичен пад со извесни осцилации. Она што загрижува од податоците е драстичниот пораст на управување под дејство на алкохол како причина за сообраќајни незгоди со потешки последици во 2016 и 2017 година. Кај останатите причини се забележуваат одредени осцилации низ годините. Може да се заклучи дека надлежните органи треба и понатаму да ги зајакнат контролите на патиштата со цел превенција, но, исто така, треба да се преземат посериозни мерки со цел превенирање на сообраќајните незгоди кај кои како причина се јавува управувањето под дејство на алкохол. Податоците се достапни во табелата подолу.

**Табела 7.** Најчести фактори за сообраќајните незгоди во РСМ (2010-2017)

| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **Средна вредност** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Брзо возење** | 1.219 | 1.260 | 863 | 929 | 830 | 788 | 820 | 759 | 934 | 33,84 |
| **Индекс** | 100 | 103 | 68 | 108 | 89 | 95 | 104 | 93 | | |
| **Непочитување на правила за првенство на минување** | 745 | 738 | 602 | 652 | 671 | 608 | 572 | 574 | 645 | 23,39 |

[27] *Ibid.*
[28] *Ibid.*

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индекс** | 100 | 99 | 82 | 108 | 103 | 91 | 94 | 100 | | |
| **Недржење страна и правец на движење** | 492 | 551 | 649 | 682 | 577 | 539 | 441 | 462 | 549 | 19,9 |
| **Индекс** | 100 | 112 | 118 | 105 | 85 | 93 | 82 | 105 | | |
| **Непрописно движење и свртување** | 511 | 432 | 435 | 480 | 474 | 447 | 391 | 462 | 454 | 16,46 |
| **Индекс** | 100 | 85 | 101 | 110 | 99 | 94 | 87 | 118 | | |
| **Управување под дејство на алкохол** | 132 | 160 | 138 | 144 | 86 | 123 | 332 | 300 | 177 | 6,41 |
| **Индекс** | 100 | 121 | 86 | 104 | 60 | 143 | 270 | 90 | | |

Извор: Министерство за внатрешни работи[29]

**Графикон 3.**




Според податоците од МВР, брзото возење е најчеста причина за сообраќајни незгоди на подрачје на СВР Скопје, потоа, СВР Тетово и СВР Охрид. Ова е јасен индикатор за надлежните органи да ги зголемат контролите на овие подрачја. Брзото возење како причина за сообраќајни незгоди бележи драстичен пад во 2012 година, а

[29] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





пораст во 2011, 2013 и 2016 година. Може да се заклучи дека со одредени осцилации, оваа причина има надолен тренд што може да се објасни со зголемените контроли на сообраќајната полиција.

**Табела 8.** Брзо возење како причина за сообраќајни незгоди по СВР (2010-2017)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 549 | 590 | 341 | 342 | 272 | 276 | 275 | 178 | 353 |
| **СВР Битола** | 97 | 95 | 48 | 44 | 61 | 49 | 53 | 83 | 66 |
| **СВР Велес** | 70 | 82 | 60 | 61 | 37 | 26 | 41 | 47 | 53 |
| **СВР Куманово** | 78 | 57 | 16 | 31 | 49 | 38 | 41 | 50 | 45 |
| **СВР Охрид** | 126 | 118 | 106 | 101 | 87 | 89 | 88 | 97 | 102 |
| **СВР Струмица** | 75 | 87 | 81 | 70 | 50 | 71 | 85 | 72 | 74 |
| **СВР Тетово** | 145 | 161 | 150 | 209 | 206 | 187 | 189 | 181 | 179 |
| **СВР Штип** | 79 | 70 | 61 | 71 | 68 | 52 | 48 | 51 | 63 |
| **Вкупно** | 1.219 | 1.260 | 863 | 929 | 830 | 788 | 820 | 759 | 934 |
| **Индекс** | 100 | 103 | 68 | 108 | 89 | 95 | 104 | 93 | |

Извор: Министерство за внатрешни работи[30]

**Графикон 4.**




[30] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).

Непочитување на правила за првенство на минување е следна причина за сообраќајни незгоди. Генерално, може да се заклучи дека и оваа причина бележи пад со извесни осцилации низ годините (2013 и 2014 година). Со цел намалувањето и превенирањето на сообраќајните незгоди предизвикани од оваа причина, се препорачува поставување соодветна сигнализација на патиштата. Инаку, повторно, оваа причина доминира на подрачје на СВР Скопје.

**Табела 9.** Непочитување на правила за првенство на минување како причина за сообраќајни незгоди по СВР (2010-2017)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 421 | 418 | 273 | 313 | 344 | 285 | 275 | 257 | 323 |
| **СВР Битола** | 56 | 60 | 68 | 70 | 60 | 66 | 58 | 59 | 62 |
| **СВР Велес** | 35 | 27 | 34 | 40 | 37 | 29 | 35 | 23 | 33 |
| **СВР Куманово** | 71 | 63 | 52 | 53 | 48 | 48 | 39 | 51 | 53 |
| **СВР Охрид** | 35 | 46 | 45 | 59 | 38 | 45 | 49 | 54 | 46 |
| **СВР Струмица** | 29 | 41 | 37 | 41 | 39 | 47 | 24 | 28 | 36 |
| **СВР Тетово** | 58 | 55 | 49 | 37 | 67 | 47 | 62 | 65 | 55 |
| **СВР Штип** | 40 | 28 | 44 | 39 | 38 | 41 | 30 | 37 | 37 |
| **Вкупно** | 745 | 738 | 602 | 652 | 671 | 608 | 572 | 574 | 645 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [31]

**Графикон 5.**




[31] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





Недржење страна и правец на движење е трета по ред причина за сообраќајни незгоди со потешки последици. Низ годините се забележуваат осцилицаии на учесвото на оваа причина во етиологијата на сообраќајните незгоди во земјата. Најалармантна е состојбата на подрачје на СВР Скопје, СВР Штип и СВР Битола, оттука, повторно, препораката е во овие подрачја надлежните органи да поставаат соодветна сигнализација на патиштата со цел спречување и превенција на сообраќајните незгоди.

**Табела 10.** Недржење страна и правец на движење како причина за сообраќајни незгоди по СВР (2010-2017)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 114 | 132 | 136 | 132 | 134 | 121 | 120 | 113 | 125 |
| **СВР Битола** | 71 | 83 | 128 | 143 | 105 | 71 | 55 | 57 | 89 |
| **СВР Велес** | 49 | 62 | 55 | 76 | 78 | 91 | 74 | 67 | 69 |
| **СВР Куманово** | 36 | 64 | 76 | 61 | 50 | 63 | 56 | 57 | 58 |
| **СВР Охрид** | 41 | 49 | 61 | 81 | 43 | 36 | 28 | 38 | 47 |
| **СВР Струмица** | 45 | 42 | 41 | 38 | 48 | 26 | 27 | 21 | 36 |
| **СВР Тетово** | 43 | 34 | 45 | 34 | 37 | 31 | 27 | 21 | 34 |
| **СВР Штип** | 93 | 85 | 107 | 117 | 82 | 100 | 54 | 88 | 91 |
| **Вкупно** | 492 | 551 | 649 | 682 | 577 | 539 | 441 | 462 | 549 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [32]

**Графикон 6.**




[32] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).

Следна причина за сообраќајни незгоди со потешки полседици е непрописното движење и свртување. Сосојбата е особено загрижувачка на подрачје на СВР Скопје. Земајќи ги во предвид и претходно анализираните причини, може да заклучиме дека треба сериозно да се работи на подигнување на сообраќајната култура на сите учесници во сообраќајот.

**Табела 11.** Непрописно движење и свртување како причина за сообраќајни незгоди по СВР (2010-2017)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 278 | 212 | 236 | 272 | 273 | 257 | 219 | 244 | 249 |
| **СВР Битола** | 51 | 45 | 38 | 35 | 37 | 41 | 34 | 45 | 41 |
| **СВР Велес** | 24 | 31 | 31 | 28 | 26 | 22 | 20 | 23 | 26 |
| **СВР Куманово** | 52 | 43 | 27 | 26 | 18 | 18 | 24 | 23 | 29 |
| **СВР Охрид** | 34 | 18 | 27 | 33 | 22 | 21 | 16 | 33 | 26 |
| **СВР Струмица** | 19 | 30 | 18 | 21 | 24 | 18 | 18 | 17 | 21 |
| **СВР Тетово** | 27 | 30 | 38 | 38 | 41 | 36 | 40 | 49 | 37 |
| **СВР Штип** | 26 | 23 | 20 | 27 | 33 | 34 | 20 | 28 | 26 |
| **Вкупно** | 511 | 432 | 435 | 480 | 474 | 447 | 391 | 462 | 454 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [33]

**Графикон 7.**




Последната, но не најмалку важна причина за сообраќајни незгоди со потешки последици е управувањето под дејство на алкохол. Состојбата со оваа причина е особено алармантна во последните години кога бележи драстичен пораст на подрачје

[33] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





на сите СВР. Ова укажува на потребата за итни мерки со цел сузбивање и превенирање на појавата, и тоа, зголемени контроли, кампањи за подигнување на свеста на возачите и сл.

**Табела 12.** Управување под дејство на алкохол како причина за сообраќајни незгоди по СВР (2010-2017)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 40 | 47 | 31 | 30 | 27 | 29 | 97 | 107 | 51 |
| **СВР Битола** | 13 | 12 | 12 | 9 | 4 | 15 | 47 | 43 | 19 |
| **СВР Велес** | 9 | 20 | 21 | 30 | 8 | 13 | 29 | 30 | 20 |
| **СВР Куманово** | 16 | 15 | 19 | 23 | 5 | 19 | 29 | 7 | 17 |
| **СВР Охрид** | 6 | 11 | 8 | 9 | 13 | 7 | 32 | 22 | 14 |
| **СВР Струмица** | 20 | 30 | 27 | 27 | 23 | 24 | 39 | 33 | 28 |
| **СВР Тетово** | 7 | 5 | 3 | 3 | 3 | 6 | 15 | 13 | 7 |
| **СВР Штип** | 21 | 20 | 17 | 13 | 3 | 10 | 44 | 45 | 22 |
| **Вкупно** | 132 | 160 | 138 | 144 | 86 | 123 | 332 | 300 | 177 |

Извор: Министерство за внатрешни работи [34]

**Графикон 8.**




Според најновите податоци од МВР за 2018 година, најчеста причина за сообраќајни незгоди е брзото возење (27%), потоа, непочитување на првенство на минување (21,8%), следат, недржење страна и правец на движење (16,5%), управување

[34] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).

под дејство на алкохол (15,3%), непрописно движење и свртување (15,1%). Со најмало учество во сообраќајните незгоди е факторот грешка на пешаци (4,4%).

Најголем број сообраќајни незгоди се случиле на подрачје на СВР Скопје (во просек 110). Следат подрачјето на СВР Тетово, СВР Битола, СВР Штип итн. Најмал број сообраќајни незгоди се имаат случени на териоторија на СВР Струмица. За повеќе податоци, видете ја табелата подолу.

**Табела 13.** Најчести фактори за случување на сообраќајните незгоди со потешки последици по СВР за 2018 година

| | Брзо возење | Првенство на минување | Управување под дејство на алкохол | Недржење страна и правец на движење | Непрописно движење и свртување | Грешки на пешаци | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | 145 | 174 | 95 | 54 | 154 | 36 | **110** |
| **СВР Битола** | 49 | 66 | 64 | 59 | 39 | 13 | **48** |
| **СВР Велес** | 17 | 33 | 43 | 75 | 28 | 3 | **33** |
| **СВР Куманово** | 39 | 55 | 33 | 43 | 22 | 10 | **34** |
| **СВР Охрид** | 85 | 53 | 29 | 33 | 24 | 11 | **39** |
| **СВР Струмица** | 73 | 28 | 33 | 14 | 17 | 8 | **29** |
| **СВР Тетово** | 186 | 65 | 8 | 30 | 40 | 14 | **57** |
| **СВР Штип** | 44 | 41 | 56 | 82 | 32 | 9 | **44** |
| **Вкупно** | **638** | **515** | **361** | **390** | **356** | **104** | **394** |
| **%** | **27,0** | **21,8** | **15,3** | **16,5** | **15,1** | **4,4** | **100,0** |
| **Средна вредност** | **80** | **64** | **45** | **49** | **45** | **13** | |

Извор: Министерство за внатрешни работи [35]

[35] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf, https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).





**Графикон 9.**




*Може да заклучиме* дека, етиологијата на сообраќајната деликвенција е мултифакторска, сепак, доминираат субјективните фактор, иако, и објективните фактори имаат значајно влијание. Што се однесува до етиологијата на сообраќајната деликвенција во РСМ, како најчести причини за сообраќајни незгоди се издвојуваат: прво, брзо возење, следуваат, непочитување на правила за првенство на минување, недржење страна и правец на движење, непрописно движење и свртување, управување под дејство на алкохол.

Се препорачува надлежните органи да ги зајакнат контролите на патиштата и да се преземат посериозни мерки, кампањи за подигнување на свеста на возачите и сл., со цел превенирање на сообраќајните незгоди кај кои како причина се јавува брзото возење, како и управувањето под дејство на алкохол.

Понатаму, се препорачува поставување соодветна сигнализација на патиштата.

Со оглед на фактот што во значителен број случаи како причина за сообраќајни незгоди се јавуваат непочитување на правила за првенство на минување, недржење страна и правец на движење и непрописно движење и свртување, треба сериозно да се работи на подигнување на сообраќајната култура на сите учесници во сообраќајот.

## 3. Превенција

Според Глобалниот извештај за состојбата на безбедноста на патиштата 2018 на СЗО, повредите на патниот сообраќај може да се спречат. Владите треба да преземат акција за да ја решат безбедноста на патиштата на сеопфатен начин. Ова бара вклучување од повеќе сектори, како што се транспортот, полицијата, здравството, образованието и активностите кои се однесуваат на безбедноста на патиштата, возилата и корисниците на патиштата. Ефективните интервенции вклучуваат дизајнирање на побезбедна инфраструктура и инкорпорирање на карактеристики на безбедноста на патиштата во планирањето на користењето на земјиштето и транспортот, подобрување на безбедносните карактеристики на возилата, подобрување на грижата по несреќата за

жртвите на патен сообраќај, донесување и спроведување на законите кои се однесуваат на клучните ризици и подигање на јавната свест.[36]

СЗО е водечка агенција која соработува со регионалните комисии на Обединетите нации за безбедност на патиштата во рамките на системот на ОН. СЗО претседава со Соработка на Обединетите нации за безбедност во сообраќајот (United Nations Road Safety Collaboration)[37] и служи како секретаријат за Декадата за акција за безбедност на патиштата 2011-2020 (Decade of Action for Road Safety 2011– 2020).[38] Прогласена со резолуција на Генералното собрание на ОН во 2010 година Декадата за акција беше лансирана во мај 2011 година во повеќе од 110 земји, со цел спасување на милиони животи преку спроведување на Глобалниот план за Декадата на акција за безбедност на патиштата 2011-2020 (Global Plan for the Decade of Acton for Road Safety 2011-2020).[39]

СЗО, исто така, игра клучна улога во насочувањето на глобалните напори продолжувајќи да се залага за безбедност на патиштата на највисоко политичко ниво; собирање и ширење на добри практики во превенција, собирање на податоци и заштита од траума; споделување информации со јавноста за ризиците и како да се намалат овие ризици; и свртување внимание кон потребата од зголемено финансирање.[40]

СЗО ги поддржува земјите-членки во планирањето, спроведувањето и евалуацијата на политиката за безбедност на патиштата.[41]

Во 2017 година, СЗО издаде „Спаси животи: технички пакет за безбедност на патиштата" (*Save LIVES: a road safety technical package*) со цел преполовување на жрвите во сообраќајни незгоди до 2020 година. Пакетот дава приоритет на 6 стратегии и 22 интервенции кои се однесуваат на факторите на ризик што се истакнати погоре и им дава насоки на земјите-членки за нивно спроведување за да спасат животи и да ја исполнат целта за безбедност на патиштата за преполовување на глобалниот број на смртни случаи и повреди од сообраќајни несреќи во сообраќајот до 2020 година. Шесте основни компоненти на Save LIVES се: прилагодување на брзината, лидерство во безбедноста на патиштата, проектирање и подобрување на инфраструктурата, стандарди за безбедност на возилото, спроведување на сообраќајните закони и опстанок по несреќата (**S**peed management, **L**eadership on road safety, **I**nfrastructure design and

[36] Global status report on road safety 2018. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. (Пристапено на: 5.7.2019 година).

[37] https://www.who.int/roadsafety/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

[38] https://www.who.int/roadsafety/decade_of_action/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

[39] https://www.who.int/roadsafety/decade_of_action/plan/english.pdf (Пристапено на: 5.7.2019 година).

[40] Global status report on road safety 2018. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. https://www.who.int/violence_injury_prevention/road_safety_status/2018/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

[41] Покрај тоа, СЗО соработува со партнери за да обезбеди техничка поддршка за земјите. На пример, СЗО моментно соработува со Иницијативата Блумберг за глобална безбедност на патиштата (BIGRS) (Bloomberg Initiative for Global Road Safety (BIGRS)) 2015-2019 за да ги намали жртвите и повредите од патен сообраќај во целни земји и градови со ниски и средни приходи. Во 2017 година, СЗО издаде Спаси животи: технички пакет за безбедност на патиштата (*Save LIVES: a road safety technical package*), кој ги синтетизира мерките засновани на докази кои значително можат да ги намалат жртвите на патен сообраќај и повредите. Спаси животи: техничкиот пакет за безбедност на патиштата се фокусира на управување со брзина, лидерство, дизајн и подобрување на инфраструктурата, стандарди за безбедност на возилото, спроведување на сообраќајните закони и преживување по несреќата (**S**peed management, **L**eadership, **I**nfrastructure design and improvement, **V**ehicle safety standards, **E**nforcement of traffic laws and post-crash **S**urvival).





improvement, **V**ehicle safety standards, **E**nforcement of traffic laws and **S**urvival after a crash).

Во рамки на компонентата за прилагодување на брзината се препорачува преземање на следниве мерки: пропишување и спроведување на закон за ограничување на брзината низ целата земја, локално и во градовите. Потоа, изградба или модифицирање на патишта кои го забавуваат сообраќајот, на пр. кружни текови, стеснување на патот, испакнатини за намалување на брзината („лежечки полицајци") и нерамни ленти. Исто така, се предлага производителите на автомобили да инсталираат нови технологии, како што е интелигентна адаптација на брзината, за да им помогне на возачите да се придржуваат до ограничувањата на брзината.

Во врска со компонентата лидерство на безбедност на патиштата се предлагаат следниве интервенции. Формирање агенција за поттикнување на безбедноста на патиштата; развивање и финансирање на стратегија за безбедност на патиштата; евалуација на влијанието на стратегиите за безбедност на патиштата; следење на безбедноста на патиштата преку зајакнување на системите за податоци, и подигнување на свеста и јавната поддршка преку едукација и кампањи.

Третата компонента се однесува на дизајн и подобрување на инфраструктурата. Заради остварување на оваа цел се предлага: обезбедување безбедна инфраструктура за сите учесници во сообраќајот, вклучувајќи тротоари, безбедни премини, засолништа, надвозници и подвозници; обезбедување патеки за велосипеди и мотоцикли; обезбедување на безбедност по страните на патиштата со користење на јасни зони, склопувачки структури или бариери; дизајнирање побезбедни раскрсници; посебни пристапни патишта; давање приоритет на луѓето со поставување на пешачки зони без автомобили; ограничување на сообраќајот и брзината во станбени, комерцијални и училишни зони; обезбедување подобри, побезбедни рути за јавен превоз.

Во врска со четвртата компонента стандарди за безбедност на возилото се предвидува: пропишување и спроведување на регулативите за стандарди за безбедност на моторно возило поврзани со: сигурносен појас; прицврстувачи на безбедносните ремени; фронтално влијание; странично влијание; електронска контрола на стабилноста; заштита на пешаците; и ISOFIX безбедносни точки за деца; како и, пропишување и спроведување на прописи за антиблокирачко сопирање за мотори и користење на светла преку ден.

Петтата компонента спроведување на законите за безбедност во сообраќајот, се предлага да се оствари со: пропишување и спроведување на законите на национално, локално и градско ниво за: пиење и возење; кациги за мотоцикли; сигурносен појас; и детски ограничувања.

На крај, во врска со шестата компонента преживување по несреќата се предвидуваат следниве интервенции: развивање на организиран и интегриран систем за итна предхоспитална и хоспитална медицинска помош; обука на оние кои интервенираат при несреќи во примарната итна медицинска помош; промовирање на обука за прва помош во заедницата.[42]

[42]World Health Organization. (2017). Save lives: a road safety technical package. World Health Organization. https://apps.who.int/iris/handle/10665/255199. License: CC BY-NC-SA 3.0 IGO. (Пристапено на: 5.7.2019 година).

Меѓудругото, МВР апелира и на опасноста од т.н. „акваплантинг“.[43] Имено, при силен дожд, аквапланингот ги онеспособува за управување сите возила. Оттука, препораката е во услови на влажни коловози секогаш да се прилагоди брзината према условите и состојбата на патот и да се користи дефанзивен стил на возење, како и да не се управува возило со потрошени, стари гуми, а да се почитуваат нормите за изградба на патиштата така што водата од дождот ќе истекува што е можно побрзо.[44]

**Заклучок**

„Низ секојдневниот метеж од луѓе и возила во кој секој вработен брза да стаса до работното место, студентот до универзитетот, ученикот до училиштето, а невработениот во потрага за парче леб да ја понуди неговата работна сила на некој од пазарите, никој не обрнува внимание ниту, пак, насетува дека за миг може да биде изненаден од тап удар на некое забрзано возило, да стане учесник во сообраќајна незгода или жртва на асфалтот.“[45]

Патниот сообраќај, без сомнение е од огромно значење за општеството во кое живееме. Современиот начин на живеење и не може да се замисли без моторно возило. Меѓутоа, неговото одвивање го следат и низа штетни и негативни појави, често пати манифестирани со сообраќајни незгоди со бројни човечки жртви и немерливи материјални штети. Сообраќајната деликвенција претставува специфичен вид на асоцијална и антисоцијална појава, која произлегува од една општествено-корисна дејност, а воедно како последица на дезорганизираното остварување на сообраќајот. Истата се јавува во вид на сообраќајни прекршоци и сообраќајни казнени дела, зависно од видот на опасноста и предизвиканите штетни последици.

Сложеноста на овој вид криминалитет и деликвенција, бара детално криминолошко и виктимолошко следење и изучување, заради запознавање на механизмите и причините на страдањата и заради превземање на соодветни мерки за нивно сузбивање.

Речиси секојдневно медиумите известуваат за сообраќајни незгоди со потешки последици (загинати и повредени лица и причинета значителна материјална штета). За жал, секој човек е потенцијална жртва, но и сторител на сообраќајна незгода. Секому, во било кое време може да му се случи сообраќајна незгода.

Статистиките потврдуваат дека несреќите во патниот сообраќај сега претставуваат осма водечка причина за смрт на глобално ниво. Повеќе од 1,35 милиони

[43] „До него се доаѓа кога автомобилот се движи со голема брзина по влажен коловоз и во еден момент гумите не можат веќе да ја исфрлат водата преку каналите од шарите и притоа се формира „воден клин“, по што гумата почнува да се лизга. Тогаш повеќето возачи ја губат контролата врз возилото и ги фаќа паника, бидејќи не знаат што се случува. Ако одненадеш се најдете во аквапланинг мамка, во никој случај не смеете да сопирате, туку само благо треба да ја притиснете папучата од кумплуг-спојката и држете го управувачот во правецот на возење. Тркалата не смеат ниту да блокираат, ниту да се завртени во погрешен правец, се додека не се поврати контактот со коловозот. Најдобра работа што можете да ја направите кога возите при врнежливо време е да ја намалите брзината на движење, бидејќи при пониски брзини многу ретко доаѓа до аквапланинг.“ http://www.mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/6 (Пристапено на: 9.7.2019 година).

[44] http://www.mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/6 (Пристапено на: 9.7.2019 година).

[45] *Ibid.*





лица ги губат своите животи секоја година во сообраќајни незгоди, а 50 милиони се повреди.

Во Република Северна Македонија, на секои 55 часа има по една жртва во сообраќајот, годишно во просек гинат 158 лица, а на еден загинат, 40 лица тешко страдаат. И понатаму е голем бројот на деца жртви на сообраќајни незгоди. Најголем дел од жртвите се патници во моторни возила и патници во други транспортни средства, како и пешаци.

Оттука, со право може да се констатира дека безбедноста на патниот сообраќај е загрозена до степен што навистина загрижува. Со право може да се каже дека во ниедна друга област на човековите активности не се сторуваат толку казнени дела и прекршоци, како што е тоа случај во областа на сообраќајот. Голем број од учесниците во сообраќајот, најчесто несвесно, а понекогаш и свесно ги кршат нормите во сообраќајот и со тоа ја доведуваат во опасност сопствената безбедност или безбедноста на останатите учесници во сообраќајот.

Етиологијата на сообраќајната деликвенција е мултифакторска. Сепак, доминираат субјективните фактори, а и тогаш кога се истакнува објективен фактор како причина за сообраќајна деликвенција, истиот повторно зависи од човечки фактор.

Со цел превенирање на сообраќајната деликвенција потребно е претходно оспособување и проверка на оспособеноста на сите учесници во сообраќајот за елементарните правила и прописи за движење и однесување во сообраќајот (пешаци, велосипедисти, возачи на запрежни возила и др.), а не само на возачите на моторни возила. Следно, од особено значење е подигнување на сообраќајната култура и дисциплина на сите учесници во сообраќајот.

Потребно е почитување на регулативата во врска со безбедноста на сообраќајот и тоа, одредбите од Кривичниот законик на РСМ, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за прекршоците, а во случај на непочитување на истата примена на соодветни казни и санкции. Колку и да зборуваме за превенција на сообраќајната деликвенција, сепак, репресивниот елемент во сузбивањето и превенирањето на сообраќајната деликвенција е неизоставен со цел намалување на казнените дела и прекршоците во областа на сообраќајот.

Сепак, потребни се понатамошни истражувања со цел утврдување на феноменологијата и етиологијата на сообраќајната деликвенција со цел превземање мерки на превенција и репресија.

**Референци**

Global status report on road safety 2018. Geneva: World Health Organization; 2018. Licence: CC BYNC-SA 3.0 IGO. https://www.who.int/violence_injury_prevention/road_safety_status/2018/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

http://www.mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/6 (Пристапено на: 9.7.2019 година).

http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/soobrakaj%20final.pdf. https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56 (Пристапено на: 4.7.2019 година).

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=12&rbr=3016 (Пристапено на: 5.7.2019 година).

https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_-6a72ko/edit#gid=1268663980.

https://mvr.gov.mk/analiza/soobrakjaj/56

https://www.who.int/roadsafety/decade_of_action/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

https://www.who.int/roadsafety/decade_of_action/plan/english.pdf (Пристапено на: 5.7.2019 година).

https://www.who.int/roadsafety/en/ (Пристапено на: 5.7.2019 година).

Ignjatović, D., (2006) "Kriminologija", Beograd: Nomos.

Konstantinović-Vilić, Slobodanka/ Nikolić-Ristanović, Vesna/ Kostić, Miomira (2012) "Kriminologija", Niš: Sven Niš.

Milutinović, M., (1979) "Kriminologija", Beograd: Savremena Administracija.

Šeparović, Z., (1981) "Kriminologija i socijalna patologija", Zagreb: Pravni fakultet.

Singer, M., Vukadin, I. K. I Mraović, I. C., (2002) „Kriminologija", Zagreb: Nakladni Zavod Globus, Edukacijsko-rehabilitacijaski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

WHO, ed. (2015). Global Status Report on Road Safety 2015 (official report). Geneva: World Health Organisation (WHO). (Пристапено на: 4.7.2019 година).

World Health Organization. (2017). Save lives: a road safety technical package. World Health Organization. https://apps.who.int/iris/handle/10665/255199. License: CC BY-NC-SA 3.0 IGO. (Пристапено на: 5.7.2019 година).

Арнаудовски, Љ. (2007), „Криминологија", Скопје: 2 Август С-Штип.

Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016 и 11/2018).

Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015).

Кајзер, Гинтер (1996), „Криминологија", Скопје: Александрија.

Камбовски, В., Тупанчески, Н., (2011) „Казнено право–посебен дел", петто изменето и дополнето издание, Скопје.

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

Сулејманов, З., (2007) „Криминологија", Скопје: Графос.





## АНЕКС

**Табела 14.** Умрени лица од насилна смрт во Република Северна Македонија, 1994-2018

| Умрени лица од насилна смрт во Република Северна Македонија, 1994-2018 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Умрени од насилна смрт во земјата | | | | Структура % | | | |
| Години | вкупно | несреќни случаи | самоубиства | убиства | вкупно | несреќни случаи | самоубиства | убиства |
| 1994 | 632 | 471 | 128 | 33 | 100.0 | 74,5 | 20,3 | 5,2 |
| 1995 | 538 | 380 | 130 | 28 | 100.0 | 70,6 | 24,2 | 5,2 |
| 1996 | 590 | 402 | 143 | 45 | 100.0 | 68,1 | 24,2 | 7,6 |
| 1997 | 636 | 438 | 155 | 43 | 100.0 | 68,9 | 24,4 | 6,8 |
| 1998 | 693 | 497 | 151 | 45 | 100.0 | 71,7 | 21,8 | 6,5 |
| 1999 | 761 | 542 | 169 | 50 | 100.0 | 71,2 | 22,2 | 6,6 |
| 2000 | 720 | 512 | 148 | 60 | 100.0 | 71,1 | 20,6 | 8,3 |
| 2001 | 737 | 455 | 151 | 131 | 100.0 | 61,7 | 20,5 | 17,8 |
| 2002 | 743 | 525 | 149 | 69 | 100.0 | 70,7 | 20,1 | 9,3 |
| 2003 | 630 | 428 | 136 | 66 | 100.0 | 67,9 | 21,6 | 10,5 |
| 2004 | 708 | 473 | 179 | 56 | 100.0 | 66,8 | 25,3 | 7,9 |
| 2005 | 587 | 392 | 143 | 52 | 100.0 | 66,8 | 24,4 | 8,9 |
| 2006 | 653 | 435 | 165 | 53 | 100.0 | 66,6 | 25,3 | 8,1 |
| 2007 | 743 | 536 | 159 | 48 | 100.0 | 72,1 | 21,4 | 6,5 |
| 2008 | 598 | 397 | 161 | 40 | 100.0 | 66,4 | 26,9 | 6,7 |
| 2009 | 613 | 417 | 167 | 29 | 100.0 | 68,0 | 27,2 | 4,7 |
| 2010 | 588 | 422 | 122 | 44 | 100.0 | 71,8 | 20,7 | 7,5 |
| 2011 | 527 | 370 | 128 | 29 | 100.0 | 70,2 | 24,3 | 5,5 |
| 2012 | 584 | 378 | 172 | 34 | 100.0 | 64,7 | 29,5 | 5,8 |
| 2013 | 552 | 364 | 170 | 18 | 100.0 | 65,9 | 30,8 | 3,3 |
| 2014 | 493 | 311 | 147 | 35 | 100.0 | 63,1 | 29,8 | 7,1 |
| 2015 | 513 | 361 | 114 | 38 | 100.0 | 70,4 | 22,2 | 7,4 |
| 2016 | 497 | 354 | 125 | 18 | 100.0 | 71,2 | 25,2 | 3,6 |
| 2017 | 421 | 278 | 111 | 32 | 100.0 | 66,0 | 26,4 | 7,6 |
| 2018 | 477 | 336 | 116 | 25 | 100.0 | 70,4 | 24,3 | 5,3 |
| Средна вредност | 609 | 419 | 146 | 45 | 100.0 | 69 | 24 | 7 |

Извор: Државен завод за статистика[46]

[46] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=12&rbr=3016 (Пристапено на: 5.7.2019 година).